

Уникатноста, креативноста и високиот квалитет на работа на Никола Филипов, сопственик на стајлинг студиото „Трезор“, доби уште една голема потврда, овој пат од исклучително силниот натпревар "Hair Fair 2018“ од кој Филипов се врати како апсолутен победник.

Во супер силната конкуренција на фризери од Македонија, Турција, Косово, Грција, Бугарија, Шведска... Филипов го импресионираше жирито со својата изведба во категоријата „невестинска фризура“. Својата сестраност во работата Филипов ја потврди и со второто место во категоријата „пунѕа на долга коса“.

„За изработка на фризурите имавме временско ограничување од 40 минути, а оценувањето беше од страна на домашни познати фризери, меѓу кои Весна Стефкова од Студио 501 , Љупчо Петрушевски - бубе „Студио Ин“, Љупчо Таневски „Студио Ив“, Пеце од студио „Cool cut“, додека интернационалниот дел од жирито го сочинуваа Ралевски од Шведска, Џанкарло Миланезе од Италија, претседателот на турската асоцијација на фризери Мустафа Сејлан и Рејхан Туна од Косово“ - што за мене беше огромен предизвик вели Филипов.


HOTEL



